Република Северна Македонија
Општина Неготино
Градоначалник

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НЕГОТИНО
„ГРАДОНАЧАЛНИК"
Бр. 09-904/1
26.12. 2022 год.
НЕГОТИНО

# ПРАВИЛНИК
## За судир на интереси

### I Цел на правилникот

**Член 1**

Овој правилник има за цел да даде основни насоки за утврдување и справување со можни случаи на судир на интереси кај вработените во општинската администрација на Општина Неготино. Во најголем број случаи ситуациите на судир на интерес лесно може да се одбегнат со здраво разумска проценка од страна на вработените. Се очекува вработените да постапуваат со интегритет односно отворено и чесно да се однесуваат со колегите, надредените, надворешните соработници, клиенти и корисници. Вработените треба да се трудат да избегнуваат ситуации на судир на интерес.

### II Опфат

**Член 2**

Овој правилник важи за сите вработени и функционерот во Општина Неготино, без оглед на видот на договорот односно без оглед дали се ангажирани времено или вработени на неопределено или определено време.

Правилникот важи и за консултантите кои се ангажирани од страна на Општина Неготино.

### III Основна дефиниција

**Член 3**

Судирот на интереси може да се дефинира како која било ситуација во која едно лице е во состојба да ја искористи својата професионална или службена должност за своја корист или за корист на други физички и правни лица.

Судир на интереси може да настане доколку некоја активност или потфат влијае или се чини дека влијае на способноста вработениот/-ата да си ги исполнува своите работни обврски во најдобар интерес на Општина Неготино.

## IV Начела на работење

### Член 4

Вработените во општина Неготино и Градоначалнникот во извршувањето на овластувањата и должностите се должни да постапуваат согласно Статутот на општината, утврдените работи со Законот за локална самоуправа, Закон за просторно и урбанистичко планирање, Закон за градење, Закон за градежно земјиште, Закон за катастар на недвижности, Закон за јавни патишта, Закон за трговија, Закон за угостителска дејност, Закон за туристичка дејност, Закон за трговски друштва , Закон за занаетчиство, Закон за јавни претпријатија, Закон за административните службеници , Закон за работните односи или друг закон, како и работите кои не се исклучени од нејзина над-лежност или не се во надлежност на органите на државната власт.

## V Надлежности на општината

### Член 5

Надлежности, односно работи од јавен интерес од локално значење се: Урбанистичко планирање, издавање на одобрение за градење на објекти – од локално значење, уредување на просторот и на градежното земјиште; Заштита на животната средина и природата со преземање на мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето; Локален економски развој, водење на локална економска политика; Комунални дејности пред се снабдување со вода за пиење, испорака на технолошка вода, пречистување на отпадни води, јавно осветлување, одржување на јавна чистота, собирање, транспортирање на и финансиска поддршка на културните установи и проекти; комунален цврст и технолошки отпад, изградба, одржување и реконструкција на локални патишата и друг вид комунални дејности; Култура, преку институционална Образование, основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта, во соработка со централната власт; Социјална и детска заштита, изградба и одржување на детски градинки и домови за стари, социјална грижа за инвалидните лица, деца со посебни потреби, деца без родители и друго; Здравствена заштита, односно управување со мрежата на јавни здравствени организации, превентивни активности, надзор над заразни болести; Заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разузнувања, природни непогоди; Противпожарна заштита што ја вршат територијалните противпожарни – единици; Надзор над вршењето на работите од нејзината надлежност.

### Член 6

Во извршувањето на овластувањата и должностите вработените во општина Неготино и градоначалникот се должни да ги почитуваат начелата на законитост, еднаквост, ефикасност, доверба, независност, јавност, стручност, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на човековите права и слободи и човечкото достоинство, без никаков приватен интерес.

## VI Форми на судири на интереси

### Член 7

Во најширока смисла, законот ги воведува следниве ситуации - форми каде што се јавува судир на интереси:

**1. Судирот на интереси како состојба**

- судирот на интереси претставува состојба (ситуација) во која службеното лице има <u>приватен интерес</u> што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности. Во таква ситуација, приватниот интерес на поединецот (службеното лице) во одредени ситуации може да доминира и да преовладува над јавниот интерес и ова може да доведе до влијание врз носењето одлуки и извршувањето на јавните овластувања и должности.

**Судирот на интереси може да биде:**

- ***Реален (de facto) судир на интереси*** каде вклучува директен судир помеѓу тековните обврски и одговорности на службеното лице и неговите постојни приватни интереси ;
- ***Привиден судир на интереси*** се однесува на ситуација каде што постои личен интерес кој што разумно од страна на другите би можело да го сметаат дека влијае на извршувањето на должностите на службеното лице, иако всушност не мора да постои такво несоодветно влијание или воопшто нема влијание; (пр. *Службеното лице ги оценува апликациите што дошле на тендерот. Еден од потенцијалните апликанти е вработен кај негов роднина. Иако службеното лице верува дека може да донесе непристрасна одлука во најдобар интерес за институцијата, истата може да се смета дека е донесена во негов сопствен интерес, односно во интерес на блиското лице.)*
- ***Потенцијален судир на интереси*** постои кога службеното лице има приватен интерес што би можело да биде во судир со неговата службена должност во иднина.

**2. Непотизам**

- Службено лице во институцијата каде извршува јавна функција не може вработува свое блиско лице.

**3. Неспоивост на функции, активности и поседување акционерски права**

Забраната за вршење на јавната функција на службеното лице со вршење други функции или дејности е јасно дефинирана во Уставот и во законодавството кое го регулира судирот на интереси. Забраната за неспоивост на функции за вршење други функции или дејности има за цел да спречи ситуација во која

службеното лице нема да може да ја врши службената должност законски, совесно и непристрасно.

Забраната за вршење други функции или активности и ограничувањето за стекнување на акционерски права, каде што избрано или именувано лице (а во некои случаи одговорно лице во јавно претпријатие, јавна институција или друго правно лице кое располага со државен капитал) во текот на траењето на мандатот, односно должноста, не може:

- да врши функција на одговорно лице или член на орган на управување или надзорен орган во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал;

- да врши функција член на управен одбор или друг орган на управување во трговско друштво или друго правно лице кое се занимава со профитабилна дејност,

- да биде член на орган на управување или надзор во трговско друштво, јавни претпријатија, агенции, фондови и други правни лица со доминантен државен капитал,

- за време на мандатот или должноста и во рок од 3 (три) години по неговото престанок, по кој било основ и во која било форма стекнува акционерски права во правно лице над кое тој или органот во кој работи или работел, извршил следење или надзор, освен ако тие права се стекнати со наследство.

## 4. Забрана за вршење на други дејности

- Избрано или именувано лице не може да раководи со трговско друштво или установа како сопственик (со исклучок на лицата кои стапуваат на функција која не се извршува професионално), а доколку е тоа така, треба да му го довери управувањето на друго лице или орган, освен членовите на неговото семејство, за време на вршење на функцијата, јавните овластувања или должности. Службеното лице, исто така, не може да воспостави деловен однос со правно лице кое е негова сопственост или сопственост на член на неговото семејство, или во кое тој или член на неговото семејство поседува акции или акции или е основано од него/неа или член на неговото/нејзиното семејство.

- Ограничување за вршење дејност;
- Ограничување за вршење дејност при вршење на јавна функција;
- **Ограничување за вршење дејност по престанокот на функцијата (pantoflage – пантофлажа)**. Службеното лице во рок од 3 (три) години по престанокот на вршењето на јавните овластувања или должности, не може да се вработи во трговското друштво во кое вршел надзор или имал воспоставено каков било договорен однос при вршењето на јавните овластувања или должности; да стекне по кој било основ акции односно удели во правното лице во кое работел, односно вршел надзор.
- Ограничувања во соработката со правни лица.

## 5. Забрана за злоупотреба на службени податоци , заеми и други видови поддршка од државата и државен имот

- Нормално е дека службените лица при извршувањето на службените должности и јавни овластувања секојдневно доаѓаат во контакт со доверливи податоци и информации кои се од суштинско значење. Службените лица не смеат да ги злоупотребуваат информациите и податоците кои им се достапни во извршувањето на нивните должности за периодот за кој се именувани и ја извршуваат функцијата, ниту пак да остваруваат профит за себе или за своите

најблиски. Секој службеник треба да биде свесен за важноста на информациите со кои располага и да се заложи за тајност, доверливост, почитување и заштита. Покрај покажаната свест, секое службено лице кое има информации во моментот на преземање на функцијата мора да потпише Изјава за доверливост и заштита на информациите при вршење на должноста. Така, со давање декларативна изјава за почитување на доверливоста на информациите, службените лица покажуваат заложба и се должни да ги почитуваат и при вршењето на функцијата, односно службената должност, и во периодот по престанокот на функцијата, според роковите утврдени во законодавството кое го регулира судирот на интереси.

- Забрана за влијание врз постапките за јавните набавки и одговорност за економично користење на државни средства.

- Правно лице поврзано со службено лице или членови на неговото семејство не може да биде корисник на грант, заем, односно финансиска поддршка од државата или од локалната самоуправа;

- Сите службени лица кои имаат јавни овластувања и вршат работи од јавен интерес , се должни да поднесат Изјава за непостоење на судир на интереси во вршење на службената должност. Со поднесувањето на Изјавата за непостоење на судир на интереси службените лица ќе гарантираат дека доколку се најдат во ситуација на судир на интереси, истите тоа ќе го пријават и ќе побараат изземање од понатамошно постапување .

- Избрано или именувано лице (или одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал) мора да ја пријави до ДКСК секоја трговија со државниот имот, со кој влегува во правен однос преку правен субјект основан од него/неа или член на неговото/нејзиното семејство или во кој одговорното лице е член на неговото/нејзиното семејство;

- Забрането е користење на средствата за приватни цели или давање на средства на други за нивна употреба.

## VII Постапување и пријавување на состојба на судир на интереси

### Член 8

Службеното лице во своето работење, е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување.

Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен.

Во случај на постоење на сомневање за судир на интереси, службеното лице е должно да побара мислење од Државната комисија.

Прикривањето на постоење приватен интерес од страна на службеното лице претставува повреда на должноста и основа за покренување постапка за утврдување на одговорност и изрекување на мерки .

Во случај на сомневање за постоење судир на интереси службеното лице и раководното лице можат да побараат мислење од Државната комисија.

Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување.

Лицето за интегритет е клучно во рализација на оваа цел и истото треба да е главната точка за комуникација и консултација во врска со оваа тема.

**Член 9**

Кога постои сомневање за постоење на судир на интереси, Државната комисија поведува постапка за утврдување постоење судир на интереси.

Постапката се поведува:

-по службена должност,
-по барање на службено лице,
-по пријава на друго лице,
-по барање на раководното лице во органот, односно институцијата каде службеното лице врши функции, јавни овластувања или службени должности и
-по анонимна пријава.

**Член 10**

Градоначалникот, членовите на Советот и сите вработени во општинската администрација се должни да го пријават секое казниво дело поврзано со корупција, како и секоја повреда на одредбите од Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси, за кои дознало во вршењето на својата должност, како и наводи или сомнежи за незаконско однесување или повреди на кодексот.

Исто така, тие се должни да пријават и доколку од нив се побара да постапат спротивно на Уставот, закон, кодекс или друг пропис. За повреди на стандардите за интегритет се поведуваат дисциплински, прекршочни или кривични постапки за утврдување одговорност во согласност со закон.

**Член 11**

Овој правилник може да се измени и дополни само во писмена форма.

**Член 12**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Неготино”.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Горан Стојанов,**